МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 8 Година XIX

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јули 2025

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В.Андреевска, с.р.

**Број: 11-7250/1**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024, 3/2025 и 7/2025), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

ПРОГРАМА

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024), во точка II. Проектни активности се врши измена на следниот начин: По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите

- **точка 1.** Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали“ Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка:** на предвидениот финансиски износ од 17.000.000 (седумнаесет милиони денари) се намалува за 3.300.000 (три милиона и триста илјади денари)“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 13.700.000 (тринаесет милиона и седумсто илјади денари ).

- **точка 5.** Превоз на ученици од општинските основни училишта за реализирање на еднодневен пролетен излет“ а се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка:** на предвидениот финансиски износ од 2.500.000 (два милиони и петстоилјади денари) се

намлува за 600.000 (шесто илјади денари)“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 1.900.000 (еден милион и деветсто илјади денари ).

- **точка 15**. Избор на најдобра литературна творба „ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“ се врши на следниот начин. Се менува во делот “опис на активности’:во делот од точка 15а.Литературен конкурс се додава и 15.б) Избор на најдобар краткометражен филм „ОПШТИНАТА ВО ДЕТСКИОТ ОБЈЕКТИВ“, а се менува и во делот на **Предвидена финансиска рамка:** на предвидениот финансиски износ од 120.000,00 (стодваесет илјади денари) се додаваат уште 120.000,00( стодваесет илјади денари )“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 240.000,00 (двеста и четириесет илјади денари ).

| 1. | **Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Континуирано обновување на нагледните средтсва, лектирни изданија и дидактички материјали во основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати:** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Стекнување на трајни знаења на учениците. |
| **Целна група:** | Учениците и наставниците од општинските основни училишта на територија на општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка :** | **17.000.000 денари се намалуваат за 3.300.000**<br>**вкупната финансиска рамка е 13.700.000** |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | Обезбедубвање нагледни средства и дидактички материјали на училиштата преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 5. | Превоз на ученици од општинските основни училишта за реализирање на еднодневен пролетен излет |
|---|---|
| Опис на активности: | Организирање на превоз за реализација на еднодневен пролетен излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2025 година. |
| Стратешки насоки и цели: | Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневен пролетен излет согласно Годишните Програми за реализирање на екскурзии , излети и други вонучилишни активности на сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. |
| Очекувани резултати: | Дружење меѓу учениците и учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја.<br><br>Финансиска помош за родителите на учениците. |
| Целна група: | Ученици и наставници од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка: | 2.500.000.00 денари се намалуваат за 600.000<br>вкупната финансиска рамка е 1.900.000 |
| Трошоци: | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| | |
|---|---|
| 15. | Избор на најдобра литературна творба<br>„ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“ и избор на најдобар краткометражен филм „ОПШТИНАТА ВО ДЕТСКИОТ ОБЈЕКТИВ“ |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| | |
|---|---|
| Опис на активности | По повод роденденот на општината се организира литературен конкурс и конкурс за најдобар краткометражен филм.<br><br>**а)Литературен конкурс:**<br><br>Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават 1 (една) литературна творба (поезија или проза) од учениците од **прво до петто** и 1 (една) литературна творба (поезија или проза) од **шесто до деветто** одделение од сите општински основни училишта.<br><br>За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира комисија за избор на литературни творби. Училиштето ќе ги достави до Општина Карпош, во затворен плик со шифра, со назнака за „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“.<br><br>**б).Конкурс за краткометражен филм:**<br><br>Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават по 1 (еден) краток филм.<br><br>За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира екипа, тим од ученици, наставници и родители кои ќе земат учество во снимањето на филмот. Училиштето филмот ќе го достави до Општина Карпош.<br><br>Активностите ги опфаќаат следниве постапки:<br><br>1.Формирање на комисија<br><br>2. Записник од избор<br><br>3. Извештај (табеларен преглед)<br><br>4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува Комисија составена од 3 (тројца) надворешни членови, писатели и 2 (двајца) членови на Советот на Општина Карпош.<br><br>За Избор на најдобар краткометражен филм ќе одлучува Комисија составена од 3 (тројца) надворешни членови, филмски работници и 2 (двајца) членови на Советот на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели | Стимулирање на креативноста и талентот за пишување и љубов кон филмот кај учениците и поттикнување на натпреварувачки дух |
| Очекувани резултати | • Поттикнување и откривање на талентот за пишување, снимање, глумење и режирање кај учениците<br>• Мотивирање и можност за развивање на талентот<br>• Дружење меѓу учениците |
| Целна група | Учениците од општинските основни училишта под ингеренција на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка | 120.000,00 денари се додаваат 120.000,00<br><br>вкупната финансиска рамка е 240.000,00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци | <u>Награди за литературна творба за одделенска настава:</u><br><br>I награда диплома и решение 10.000 денари<br><br>II награда диплома и решение 6.000 денари<br><br>III награда диплома и решение 4.000 денари<br><br><u>Награди за литературна творба за предметна настава:</u><br><br>I награда диплома и решение 10.000 денари<br><br>IIнаграда диплома и решение 6.000 денари<br><br>III награда диплома и решение 4.000 денари<br><br><u>Награди за најдобар краткометражен филм:</u><br><br>I награда диплома и решение 40.000 денари<br><br>II награда диплома и решение 30.000 денари<br><br>III награда диплома и решение 20.000 денари<br><br>- Надворешните членови од овие Комисии имаат паричен надоместок по лице во износ од 3.000 ден |

III.По измените и дополнувањата на програмата, вкупната предвидена финансиска рамка во износ од **33.725.000,00денари** (триесетитри милиони седумстотини дваесет и пет илјади) денари, се менува и гласи:

Вкупно предвидената финансиска рамка е: 30.195.000,00 триесет милиони стодеведесет и пет илјади денари“.

**По измените и дополнувањата на Програмата точка IV Финансирање гласи:**

## IV. Финансирање

Вкупна предвидена финансиска рамка:30.195.000,00 триесет милиони стодеведест и пет илјади денари“.

IV. Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“ .

Број: 09-6882/4
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

**Број: 11-7250/2**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), а во врска со член 33 од Законот за Буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19,53/21,77/21, 151/21, 173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Карпош на 67. седница одржана на 01 јули 2025 година донесе

## ОДЛУКА
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2025 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФА0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| 485420 Надомест за одземен имот | -7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОШТИНАТА** | | | | | |
| 481220 Набавка или нова изградба на деловен објект | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

**Број: 09-6882/5**
**Датум: 01.07.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година).**

1. Се објавува Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

**Број: 11-7250/3**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/23, 73/24 , 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

**за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година).**

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со технички број 98/25 -У од јуни 2025 година, постапка бр. 72629 во системот е-урбанизам, по добиеното позитивно мислење со број 45-4717/4 од 18.06.2025 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-295/1 од 14.01.2025 година.

### Член 2

Техничката исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со технички број 98/25 -У од јуни 2025 година, постапка бр. 72629 во системот е-урбанизам, е составен дел од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б , донесен со Одлука на Совет бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/6
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош - Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

Број: 11-7250/4
Датум:02.07.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), како и Барањето бр.09-5290/2 од 28.05.2025 година поднесено од Зоран А.Илиевски - претседател на заедница на станари, Советот на Општина Карпош, на 67. седница одржана на 01 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.11-4753/1 од 12.05.2025 година поднесено од Зоран А.Илиевски - Претседател на заедница на станари, за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош – Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 500.000,00 (петстотиниилјади) денари кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

Член 4

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финансиска помош.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/7
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка**

1. Се објавува Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

**Број: 11-7250/5**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
**за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат како приоритетни проекти за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка, следните:

- Основен проект за изградба на водовод и канализација на сервисна улица СЕ-1 ( дел од ул. Скупи – 2369)
- Основен проект за водоводна мрежа на дел од сервисна ул.С3 – ул.Скупи, станбена улица СТ -8, станбена улица СТ-9 и сервисна улица СЕ- 2, за Б2 – големи трговски единици по ДУП за градска четврт СС3 02, блок 06, Општина Карпош
- Основен проект за изградба на фекална канализација на дел од станбена улица СТ -8, станбена улица СТ-9 и сервисна улица СЕ- 2, за Б2 – големи трговски единици по ДУП за градска четврт СС3 02, блок 06, Општина Карпош

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-6882/8
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување, на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување, на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

Број: 11-7250/6
Датум:02.07.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 67. седница, одржана на 01 јули година, донесе

ОДЛУКА

**за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување, на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година.

**Член 2**

За целиот период на користење на објектот, корисникот се ослободува од плаќање на надоместок, но се обврзува да се грижи и да ја одржува алпинистичката карпа согласно намената за кој просторот е отстапен и тековно да го одржува.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/9
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, трето место во конечен пласман, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05 – 08.06.2024 година во Охрид во организација на УПОЗ**

1. Се објавува Одлука за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, трето место во конечен пласман, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05 – 08.06.2024 година во Охрид во организација на УПОЗ, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: В. Андреевска,с.р.

**Број: 11-7250/7**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/24), како и врз основа на Иницијатива на членот на Советот на Општина Карпош Мартин Димовски бр.09-6364/1 од 13.06.2025 година, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

**за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, трето место во конечен пласман, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05 – 08.06.2024 година во Охрид во организација на УПОЗ**

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува доделување на 23 парични награди на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот, за постигнат успех севкупни победници во конечен пласман, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05 – 08.06.2024 година во Охрид во организација на УПОЗ.

Парична награда од по 10.000,00 денари се доделува на:

1. Гордана Максимовска
2. Јелена Цветковиќ
3. Томче Панчевски
4. Гордана Стојчевска Зафировска
5. Златко Пановски
6. Здравко Пршевски
7. Благоја Павловски
8. Александар Арсов
9. Горан Даниловски

10. Лазе Здравев
11. Сашо Велиновиќ
12. Драган Георгиевски
13. Стевче Митревски
14. Александар Симоновски
15. Патрик Поповски
16. Душко Андонов
17. Раде Мицковски
18. Слободан Цветковски
19. Љупка Трајчевска
20. Гордана Велковска
21. Далиборка Ковачевска
22. Сашка Славковиќ
23. Весна Поповска

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука да се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Програма ЕО – Општинска администрација ставка 464 – разни трансфери, потставка 464990 – други трансфери.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6882/10**
**Датум: 01.07.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за давање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, донесено на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/8** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:02.07.2025 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 121 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и Барањето бр.54-6941/1 од 24.06.2025 година (арх.заверка во градинката бр.03- 101/4 од 24.06.2025 година, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош бр.54-6941/1/1 од 24.06.2025 година, донесен од директорот на градинката.

2. Се задолжува Одделението за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош примерок од ова решение да достави до Секторот за дејности од Јавен интерес-Одделение за детска, социјална и здравствена заштита и до ЈУОДГ„Мајски Цвет“ Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/11
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Службена белешка за не усвојување Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/9**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на шеесет и седма седница на Советот на Општина Карпош Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на 67. седница на 01 јули 2025 година, донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1.Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на 67. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, НЕ Е УСВОЕНО.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 11 членови на Советот, ПРОТИВ нема, и ВОЗДРЖАНО гласале 2 членови на Советот, врз основа на што е констатирано дека не е усвоено Предлог - Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје.

**Број: 09-6882/12**
**Датум: 01.07.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ - Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ - Општина Карпош-Скопје, донесено на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/10**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/224), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019, 229/20,3/25 И 74/25), а во врска со Барањето бр.53 - 6641/1 од 19.06.2025 година, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ - Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски “ Општина Карпош-Скопје на начин што се разрешува Маја Милошевски од член на училишен одбор претставник од основачот Општина Карпош, именуван со решение бр.09-1764/30 од 11.03.2022 година поради истек на мандат.

2.За преставник на Општина Карпош во Училишен одбор на општинско основно училиште „Јан Амос Коменски “ Општина Карпош – Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Петар Георгиевски

3.Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош да го достави ова Решение до

- ООУ „Јан Амос Коменски - Карпош.

- Разрешениот член наведен во точка 1 од ова Решение

-Именуваниот член наведен во точка 2 од ова Решение

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/13
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година**

1. Се објавува Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/11**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 158, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20, 3/25 и 74/25 ) и член 4 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат начинот и условите за стекнување средства од давање на користење училишен простор во општинските основни училишта чиј основач е Општина Карпош (во натамошниот текст општински основни училишта), како и намената на остварениот надомест.

**Член 2**

Под училишен простор, во смисла на оваа одлука се подразбира просторот чиј корисник е општинското основно училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела (дворно место).

**Член 3**

Општинските основни училишта училишниот простор можат да го даваат на користење, под услови и начин утврден со закон и со оваа одлука.

**УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ УЧИЛИШЕН ПРОСТОР**

**Член 4**

Училишниот простор може да се дава на користење на правни и физички лица, за определен период, во определени термини (по час) или по метар квадратен, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена, како и други законски и под законски прописи и акти.

**Член 5**

Предност при доделување на термини за закуп на спортска сала ќе имаат спортски клубови, регистрирани на територија на Општина Карпош кои имаат организирано младинска спортска школа.

**Член 6**

Предмет на користење може да биде следниот училишен простор:

1. Дворно место,
2. Простории кои се во функција на наставата:
- Спортска сала,
- Кабинет,
- Училница и
- Медоитека
3. Други објекти и простории:
- Училишен хол
- Свечена сала,
- Училишна кујна и трпезарија,
- Просторија што не е во функција на наставата,
- Подрум, гаража и други помошни простории

**Член 7**

Училишниот простор може да се дава на користење само доколку:
- Просторот, во време траењето-терминот на издавањето, не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес,
- Употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и на лицата што ќе го користат училишниот простор
- Намената заради која се користи просторот не доведува до негово оштетување и

- Користењето на просторот да е во согласност со законската регулатива од областа на заштита на животната средина.

**Член 8**

1) Подносителите ги доставуваат писмените понуди во затворен плик со назнака до соодветната комисија формирана од училиштето
Училиштето доставува покана за присуство на јавното отворање на понудите, во ист термин, до сите подносители.
2) Училишниот простор даден во закуп не може да се дава во под закуп.
3) Одлуката од став 1 на овој член содржи:
- Дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се дава на користење,
- Намена на просторот што ќе се користи,
- Времетраење и начин на користење на просторот (по час-термин или м2)
- Почетна цена на надоместокот на огласот за избор на најповолна понуда,
- Напомена дека употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно-образовниот процес и
- Други прашања во врска со давање на користење на училишен простор
4) Кога училишен простор се издава за подговтовка на топол оброк и ужинка за учениците, како критериум за избор на најповолна понуда, покрај висината на надоместокот за закуп на просторот, задолжително се зема предвид и цената и квалитетот на услугите за исхрана на учениците, кои корисникот не може еднострано да ги менува во текот на траење на договорот,

**Член 9**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува училишна комисија за јавни набавки формирана од училишниот одбор на општинското основно училиште.

**Член 10**

1) За просторот или терминот на давање на користење училишен простор, училиштето и корисникот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
2) Договорот за давање на користење училишен простор и Договорот за организирана исхрана се склучуваат во 4 примероци и истите особено содржат:
- Страни на договорот,
- Предмет на договорот,

- Намена за која се користи просторот, (за Договорот за давање на користење училишен простор)
- Времетраење на користење,
- Цена и начин на плаќање,
- Обврски на корисникот согласно намената на договорот,
- Обезбедување на побарувањата од договорот,
- Услови за раскинување на договорот,
- Други прашања од значењето на реализација на договорот.

НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 11**

Училишниот простор може да се дава на користење за следната намена:

- Настава,
- Спорт и рекреација,
- Културни и други манифестации,
- Продажба на пакувани прехрамбени производи
- Угостителски услуги за прехранбени производи-исхрана на учениците за настава со продолжен престој и други дејности од мал обем, под услов да не пречи на наставата и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и согласно позитивните прописи за заштита на животната средина.

**Член 12**

Доколку за користење на училишниот простор кој се издава под закуп се потребни согласности-дозволи од страна на надлежни органи, корисникот (закупецот) е должен на своја сметка да ги обезбеди истите.

**Член 13**

Доколку училишниот простор се користи со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се дава на користење (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), корисникот е должен да положи депозит за покривање на претпоставената штета.

ВИСИНА НА ЦЕНАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

**Член 14**

Висината на надоместокот за користење на училишниот простор може да се утврдува во евро/м2 или евро/час, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена и други законски и под законски прописи и акти.

Вредноста на недвижната ствар од ставот 1 на овој член ја определува овластен проценител, согласно Законот за процена како и врз основа на други законски и под законски прописи и акти, со примена на компаративна метода, согласно микролокацијата на објектот и други погодности согласно условите на пазарот на недвижности.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

**Член 15**

1) Договорите за давање на користење училишен простор (училници, кабинети, холови, помошни училници, магацински простор, подрум, гаража, фискултурна сала, училишен двор) се склучуваат на 1 (една) година.
2) Договорите за давање на користење на училишните кујни и трпезарии се склучуваат на 2 години.
3) По исклучок од став 1 и став 2 од овој член, доколку користењето на просторот е поврзано со вложувања од страна на корисникот, во износ од најмалку 5000 евра во денарска пртив вредност сметано според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, договорите за користење може да се склучат и за подолг временски период, но не повеќе од 5 години.
4) За вложувања од страна на корисникот кои бараат времетраењето на договорот да изнесува повеќе од две години, потребна е писмена согласност од градоначалникот на општината предлог на комисијата.

НАМЕНА НА ОСТВАРЕНИОТ НАДОМЕСТ

**Член 16**

Средствата оствaерни по основ користење на училишен простор се користат наменски и ќе се распределуваат за следната намена:

- Подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- Финансирње на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес,
- Набавка на училишен материјал,
- Тековно или инвестиционо оддржување и надоместување на режиски трошоци за комунални услуги.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/14
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош, донесен на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/12**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 1 и член 62 а во врска со член 43 став 2 од Законот локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), врз основа на Иницијативата на членот на Советот на Општина Карпош Славко Митевски бр.09-6697/1 од 19.06.2025 година, Советот на Општина Карпош на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош**

1.Се усвојува Иницијативата за вклучување на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територијата на Општина Карпош, почнувајќи од учебната 2025/2026 година.

2. Се задолжуваат сите основни училишта на територија на Општина Карпош при изготвување на годишните програми за работа да изработат детален план за спроведување на обука за самозаштита, согласно Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обуката за самозаштита во образовни институции („Сл. весник на РМ“ бр. 48/2006).

3.Обуките треба да бидат:

· тематски структуирани (земјотреси, пожари, поплави, епидемии, итн.);

· прилагодени по возраст и образовно ниво;

· интегрирани во наставната програма или преку слободни активности;

· проследени со практични вежби, симулации и активно учество на ученици и наставен кадар.

4.Директорите на основните општински училишта се обврзуваат да доставаат извештај до Советот на Општина Карпош најдоцна до датумот на поднесување на програмата за работа за учебната 2026/2027 година, кој ќе содржи:

- опис на реализирани активности;
- евиденција за реализираните часови по наставна целина;
- преглед на реализирани практични активности, вежби и симулации;
- број и структура на вклучени ученици и наставници;
- анализа на ефективност и предлог мерки за унапредување;
- приложена фото-документација.

5.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Со оглед на растечкиот ризик од природни и технолошки непогоди, воведувањето на системска обука за самозаштита во основното образование е од суштинско значење за зголемување на безбедносната култура кај децата. Обуката има и воспитна улога, зајакнувајќи одговорност, солидарност и тимска работа. Иако ваквата обука е законски предвидена, нејзината примена во образовниот систем сè уште не е доследна. Советот, како надлежен орган за одобрување на програмите за работа на општинските основни училишта, има законска и морална обврска да ја поддржи и следи имплементацијата на ваквите активности.

Број: 09-6882/15
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/13**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

**за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој" на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој" на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување".

**Член 2**

Во реализирање на проектот од член 1 на оваа одлука Општина Карпош ќе учествува со 187.173,00 денари (сто осумдесет и седум илјади сто седумдесет и три денари), обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-6882/16
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke“, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ,с.р.

**Број: 11-7250/14**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Барањето за донација бр.11-6413/1 од 16.06.2025 година од ДПУ Тримакс ДОО Скопје, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.11-6413/1 од 16.06.2024 година од ДПУ Тримакс ДОО Скопје, на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke:

<u>Донираниот интерактивен панел е со следната спецификација</u>

| | |
|---|---|
| -Size | 86 inch |
| -Backlight Type | D-LED |
| -Panel Brand | BOE |
| -Resolution(pixels) | 3840x2160 |
| -Brightness | >400cd/m2(typ.) |
| -Aspect Ratio | 16:9 |
| -Contrast Ratio | 5000:1 |
| -Response Time | 6ms (typ.) |
| -Pixel Pitch (mm) | 0.4875(h)x0.4875(v) |
| -Refreshing Frequency | 60Hz |
| -Viewing Angle | 178(h)/178(v) |
| -Life Time | 50,000 Hrs(min.) |
| -View Area (mm) | 1895.04(H)x1065.96(V) |
| -Color Gamut (X% NTSC) | 72%(NTSC) |
| -Colorfulness | 1.07B(10 bit) |

Вкупната вредност на донацијата на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke изнесува до 130.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3

Предметот на оваа Одлука, дефиниран во член 1 на истата се донира потребите на Општина Карпош, за новата општинска зграда.

Член 4

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6882/17
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
## **за објавување Одлука за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО - Скопје**

1. Се објавува Одлука за за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО - Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/15**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Барање за одобрување (донација во добра) бесплатни производи бр.53-6533/1 од 17.06.2025 година, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО - Скопје

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација го прифаќа Барањето за одобрување (донација во добра) бесплатни производи бр.53-6533/1 од 17.06.2025 година, на бесплатен училишен прибор за идните првачиња во учебна 2025/2026 година за сите основни општински училишта на територија на Општина Карпош од ТРИМАКС ДОО – Скопје.

Спецификација на производите за донацијата:

| | | парчиња |
|---|---|---|
| 1 | Тетратки за почетно пишување | 610 |
| 2 | Дрвени бои 1/12 | 610 |
| 3 | Мрсни бои 1/12 | 610 |
| 4 | Молив со гума | 610 |
| 5 | Гума за бришење | 610 |

Вкупната вредност на донацијата изнесува - 128.100,00 денари со пресметан ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет-цел на оваа одлука, дефиниран во член 1 на истата е симболично одбележување на почетокот на образованието на првачињата (учениците запишани во прво одделение во учебната 2025/2026) од општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09 – 6882/18
Датум: 01.07.2025
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/16**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), согласно одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Барањето за донација бр.50-5059/1 од 23.05.2025 година од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на прималел на донација го прифаќа Барањето за донација бр.50-5059/1 од 23.05.2025 година од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје, на Основен проект за изградба на дел од Новопланирана Улица 2 на КП846/1 КО Карпош, проектиран од Хелга ДООЕЛ Тетово, со технички број 01/04 од 24.04.2025 година и ревизија на истиот.

Вкупна вредност на донацијата на Основниот проект и ревизијата изнесува 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09 - 6882/19
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт З06, блок 03, општина Карпош - Скопје.**

1. Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт З06, блок 03, општина Карпош - Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/17**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36 ства 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), и член 27, став 4, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24, 40/25 и 101/25), Советот на Општина Карпош, на 67. седница одржана на 01 јули 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт З06, блок 03, општина Карпош - Скопје.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт З06, блок 03, општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24, 40/25 и 101/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/24).

**Член 2**

Границата на планскиот опфат за предметниот урбанистички план е утврдена врз основа на член 27 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) во:

- ГУП на Град Скопје, Општи и посебни услови за просторен развој, Плански период 2012- 2022 год. (Одлука бр: 07-5068/1 од 03.12.2012 год.), Извод бр. 191/2019 со архивски број 13-5 од од 27.12.2019 година и
- • Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Градска четврт З 06, блок 03, Плански период 2012-2022 (Одлука бр: 27-9957/1 од 28.10.2019 год.), Извод бр. 191/2019 со архивски број 13-5 од 27.12.2019 година.

Предметниот опфат се наоѓа во средишниот дел од Општина Карпош, поточно на северната страна на градска четврт З06.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 15.725 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

Од три страни е ограничен со улици од секундарна сообраќајна мрежа и тоа:

- на **запад** по осовина на сервисна улица "С1“ ( ул. „Лондонска“),
- на **југ** по осовина на сервисна улица "С3" (Ул. „Варшавска“),
- на **исток** по осовина на сервисна улица "С5" (Ул. „Париска“)

А од една страна е ограничен со улица од примарна сообраќајна мрежа:• на **север** по осовина на собирна улица бул. „Партизански Одреди“,

Согласно опишаните граници, вкупната површина на планскиот опфат изнесува:

- по осовина на граничните сообраќајници: 15,725ha;
- во рамките на регулациона линија: 13,10ha.

**Член 3**

Со важечкиот ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 за градска четврт З 06 Скопје (Одлука бр: 07-5068/1 од 03.12.2012 год.) како доминантна класа на намена е дефинирана:

- А – Домување

и истата е потврдена со Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт З 06, Блок 03, во Скопје, Плански период 2012-2022 (Одлука бр: 27-9957/1 од 28.10.2019 год.).Со Деталниот урбанистички план планираната група на класа на намени, односно планираните основни класи на намена, ќе се

дополнат со компатибилни класи на намени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), а истите се утврдени како:

- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м² и П+1)
- Б2 – Големи единици за трговија (над 200м² и /или повеќе од П+1)
- В3 – Култура•
- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 20%, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Намената на земјиштето согласно член 73 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) се уредува на ниво на градежни парцели.

Со Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за Градска четврт З 06, блок 03, Плански период 2012-2022 дефинирана е доминантна класа на намена:

- А – Домување и престој

А1 – Домување во куќи

А2 – Домување во згради

Со предметниот Детален урбанистички план, основната класа на намена А1 – Домување во куќи се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м² и П+1) или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 30%, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Со предметниот Детален урбанистички план, основната класа на намени А2 – Домување во згради се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- Б1 – Мали единци за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и П+1 кат)
- Б2 – Големи единци за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат)

- Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
- Б5 – Хотели и хотелски комплекси
- В3 – Култура
- В4 – Државни администрации и институции
- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Со предметниот Детален урбанистички план, се предвидува основна класа на намени Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м$^2$ и П+1).

За горенаведената намена, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Детален урбанистички план, не се предвидува компатибилна класа на намена.

- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м$^2$ и П+1)
- Б2 – Големи единици за трговија (над 200м$^2$ и /или повеќе од П+1)
- В3 – Култура•
- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 20%, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- Со предметниот Детален урбанистички план, се предвидуваат основни класи на намени: Инфраструктури - група на класа на намени Е:
- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури - основна класа на намена Е1; Сообраќајни патни инфраструктури – поединечна намена Е1.1Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици – поединечна намена Е1.8

Зеленило, рекреација и меморијални простори – група на класа на намени Д

- Парковско и пејзажно зеленило – основна класа на намена Д1
- Заштитно и сообраќајно зеленило – основна класа на намена Д2

За нив, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Детален урбанистички план, не се предвидува компатибилна класа на намена.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот,
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09 – 6882/20
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје

1. Се објавува Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци Скопје, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/18**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на ден 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

### за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје, поставена со сопствени средства од страна на Владимир Велков, со место на живеење на ул.1770 бр.11, Бардовци, Скопје.

### Член 2

Поставената водоводна мрежа е изведена согласно основен проект за водоводна мрежа на дел од ул. „3“ и крак на КП бр. 495, населба Бардовци – Скопје, изработен од ДПТУ „Горичанка“ ДОО увоз-извоз Скопје, со технички број 0802-02, ревидиран од ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје, со број 1201-1603/2 од 03.02.2012 година.

Преземањето се врши поради фактот што со изградбата на дел од Новопланираната улица „3“, постојната водоводна линија ќе излезе од функција како резултат на пониската кота на новата нивелета на улицата, со што постојните објекти на оваа локација ќе останат без водоводен приклучок без своја вина.

Со преземањето на предметната веќе поставена водоводна мрежа ќе се овозможи приклучување на сите постојни објекти на улица 1770, за кои претходно е платен надоместок за комунално уредување.

Согласно предмер пресметката составен дел од основниот проект од јануари 2012 година, вредноста на изведбата на водоводната мрежа изнесува 1.996.562,00 денари со вклучен ДДВ. Имајќи го предвид растот на цените, се утврдува дека со преземањето и исплатата на соодветен дел од вложените средства ќе се обезбеди и финансиска оправданост преку обештетување на веќе изведената мрежа.

**Член 3**

Износот на финансискиот надоместок за преземање на веќе поставената водоводна мрежа изнесува 600.000,00 денари и ќе биде исплатен еднократно на Владимир Велков, како надомест за сопствените вложувања и непречено остварување на право на јавна употреба на истата од страна на други корисници, односно да се поврзат кон истата.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор со Владимир Велков.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службениот гласник на Општина Карпош“.

Број: 09 – 6882/21
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/19** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:02.07.2025 година** — **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** — **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и Барањето бр.09-2625/1 од 11.03.2025 година, Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

### за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.09-2625/1 од 11.03.2025 година, за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г, доставено од Претседател на заедница на станари - Милчо Иванов, ул.Разловечко Востание бр.26/4, ламела Г, Општина Карпош.

**Член 2**

Се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000,00 (триесетилјади) денари, кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Барателот Милчо Иванов се обврзува средствата утврдени во член 2 на оваа Одлука да ги користи наменски.

**Член 4**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури и/или фискални

сметки и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанансиска помош.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09 - 6882/22
Датум: 01.07.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје, донесено на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/20**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06), Советот на Општина Карпош, на 67. седница одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје, бр.04-7193/6 од 01.07.2025 година.

2. Средства за реализација на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09 - 6882/23**
**Датум: 01.07.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година, донесена на шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Томче Панчевски,с.р.

**Број: 11-7250/21**
**Датум:02.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024), Советот на Општина Карпош, на 67. седница, одржана на 01 јули 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Спортот за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- точка 1. Училишни спортски игри Карпош 2025,
- по точка 14, се додава нова точка 15. Олимписки Комитет на Северна Македонија за организација и реализација на Европски Младинскиот Олимписки Фестивал Скопје 2025

II. Во точка 1. Училишни спортски игри Карпош 2025, се менува износот во делот „предвидена финансиска рамка“ на начин што износот 2.500.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 2.050.000,00 денари.

| | 1. Училишни спортски игри Карпош 2025 |
|---|---|
| Опис на активности: | - Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош и приватни училишта на подрачјето на Општина Карпош, ќе се натпреваруваат во разни спортски дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка (девојчиња), шах, тенис, ракомет, пинг понг, атлетски крос, фудбал на песок, одбојка на песок и други спортски активности, кои ќе ги организира Одделението за култура и спорт на Општина Карпош. Исто така се планираат и спортски натпревари по повод денови на Општина Карпош помеѓу училиштата, општините во градот Скопје и другите општини од Република Македонија, како и меѓународни натпревари со општини од градови на други држави.<br>- Проектот ќе го реализираат вработени во одделението за Култура и Спорт, професори по физичко и здравствено образование, суди од соодветните спортови, медицински лица и полиција. |
| Стратешки насоки и цели: | - Јакнење на менталното и физичкото здравје,<br>- Подобрување на локомоторниот апарат<br>-Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти<br>- Докажување на сопственоот талент. |
| Очекувани резултати: | - Натпреварувачка атмосфера,<br>- Социјализација (дружење и забава), |

| | |
|---|---|
| | - Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени.<br>- Зголемување и подобрување на моторните способности и индивидуалните те-та дејствија |
| Целна група: | Ученици од основни училишта од подрачјето на Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.050.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |
| Трошоци | - Свечено отварање и затварање на игрите (балони, конфети, огномет, коктел и друго),<br>-Хонорари за спортски судии и делегати 600,00 денари по одигран натпревар на секој спортски судија и делегат поединечно во лигите фудбал, кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок) и по повод денови на Општина Карпош и други натпревари и активности организирани од Општина Карпош,<br>- Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го водат својот училишен тим), за било кој спортски настан организиран од страна на Одделението за култура и спорт при Општина Карпош.<br>- Пехари, медали, статуетки, признанија,<br>- Спортска опрема (дресови, спортски гаќички) за ученици – натпреварувачи и спортски маици за професори, - Изнајмување на спортски терени (сала), - Разглас (озвучување), - Медицинско лице |

| | |
|---|---|
| | или итна медицинска помош,<br>- Награди за професорите (1 место 8.000,00 денари, 2 место 6.000,00 денари и 3 место 5.000,00 денари),<br>-Награда за најдобро прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (6.000,00 денари),<br>- Наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија за првопласираните училишни тимови и најдобро прогласените спортисти поединци во спортските лиги (фудбал, кошарка и одбојка девојчиња) заедно со професорите - тренери и вработени во Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пансион) |

III. Во делот II проектни активности, по реден број 14 се додава нов реден број 15 и истата гласи Олимписки Комитет на Северна Македонијаза организација и реализација на Европски Младинскиот Олимписки Фестивал Скопје 2025.

| | 15. Олимписки Комитет на Северна Македонија за организација и реализација на Европски Младинскиот Олимписки Фестивал Скопје 2025 |
|---|---|
| Опис на активности: | Натпреварување во 15 спортски дисциплини со учество на над 2500 натпреварувачи од повеќе земји од Светот |
| Стратешки насоки и цели: | Развој и поттикнување на младите за бавење со спорт, како би биле достојни репрезенти на својата Држава |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Промоција на Државата, Градот и Општината |
| **Целна група:** | Млади спортисти |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 450.000,00 денари |
| **Организатор** | Олимписки Комитет на Северна Македонија |

Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка износот од 8.750.000,00 денари, не се менува и останува ист.

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 8.750.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 8.750.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

